Врз основа на член 28 од Законот за заштита и благосостојба на животните (Сл.Весник на Република Македонија бр. 149/14, 149/15 и 53/16) Советот на Општина Берово на 53-та седница одржана на 28.11.2024 година донесе

# ПРОГРАМА
## за други комунални услуги, контрола и третман на бездомни и улични кучиња и други регистрирани и нерегистрирани кучиња за 2025 година

Со оваа програма за други комунални услуги, контрола и третман на бездомни и улични кучиња и други регистрирани и нерегистрирани кучиња се предвидуваат работи и работни задачи, предвидени средства за работа и динамика и реализација на предвиденатa програма.

**Воведен дел**

За решавање на проблемот поврзан со присуство на бездомни кучиња, односно за контрола на нивниот број, од страна на Светската здравствена организација за заштита на животните и позитивние законски прописи во Република С. Македонија, единствено е можен хуманиот начин на третирање на овие животни.

Хуманиот третман подразбира згрижување, третман и заштита на животните, но и заштита на безбедноста и здравјето на граѓаните во општината.

Општина Берово се соочува со се поизразениот проблем со бездомни и улични кучиња кои претставуваат опасност за населението и даваат лоша слика за градот и населените места.

Со цел за решавање на проблемот со бездомните и улични кучиња во општина Берово превземени се одредени активности од страна на Локалната самоуправа. Изработен е повеќегодишен План за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Берово.

**Активности**

Ангажирање на стручна ветринарна фирма за заловување, превоз, третирање, потоа вдомување или враќање во реон на заловување на бездомни и улични кучиња, како и други регистрирани и нерегистрирани кучиња кои ќе се затекнат без присуство на сопственик на јавна површина во градот и населените места на територијата на општина Берово.

Законски предвиден третман на заловените кучиња се состои од

1. Лабараториско испитување за заразна болест **Лајшманиоза**
2. Тест за социјализација на заловените кучиња
3. Овариохистеректомија (**стерилизација**) на кучиња - женки
4. Орхиектомија (**кастрација**) на кучиња - машки
5. Идентификација и регистрација - **обележување со микрочип и ушни маркички** со изработка на досие

6. **Вакцинација против Беснило и дехелментизација** со средство кое делува против ехинококоза (антипаразитски третман)
7. **Еутаназија** со транспорт до определено место на депонија

Во согласност со **Годишната наредба за здравствена заштита на животните во 2024 година бр. 02-574/3 од 08.03.2024 (Службен весник на РСМ бр. 59/2024),** сите кучиња кои ќе бидат заловени **треба да се тестираат за присуство на болеста лајшманиоза**. Тестирањето на заловените кучиња се прави пред да се извршат другите превентивни мерки (вакцинација, дехелминтизација и стерилизација). Бездомните кучиња кои се позитивни на лајшманиоза треба да се еутаназираат веднаш.

Во случај на заловено **регистрирано куче** се добие позитивен резултат на лајшманија надлежното ветеринарно друштво треба да го информира сопственикот за ризиците и последиците од чување на заболеното куче. Во случај на сомнителен резултат со акредитиран метод, потребно е кучето повторно да се тестира со молекуларен метод или да се следи и повторно да се тестира по три месеци. Сопственикот на кучето треба да потпише Изјава за чување на куче кое е заболено од лајшманиоза. Доколку не постои можност за лечење, позитивните кучиња кои имаат сопственик треба да се еутаназираат. Кучињата со сопственик кои се позитивни на лајшманиоза треба да се третираат против екто паразити и да се лекуваат под официјален надзор. Официјалниот надзор вклучува: - достава на месечен извештај за спроведената терапија од надлежното ветеринарно друштво до официјалниот ветеринар и - контрола на лице место (нон- стоп контрола) доколку официјален ветеринар смета дека е потребно.
Трошоците за лабораториските испитувања, лекување и еутаназија се на товар на сопствениците на кучиња.

Бездомните кучиња кои се вдомени или вратени во реонот на заловување, треба да се идентификувани со микрочип, тестирани на лајшманиоза со негативен резултат, стерилизирани/кастрирани, да се вакцинирани против беснило и дехелминтизирани.
Бездомните кучиња кои се вратени во реонот на заловување треба дополнително видливо да се обележат со ушна маркица на која е впишана ознаката на општината согласно ознаките на општините.

Општина Берово ќе врши субвенционирање на трошоците за стерилизација на женки-кучиња на територијата на општина Берово. Преку јавен повик во текот на 2024 година е планирано да се субвенционираат 100 % од трошоците за оваа активност со поднесување на Барање за добивање на средства за стерилизација на регистрирани женски кучиња. Критериумите и условите ќе бидат утврдени дополнително преку Правилник за критериумите и постапката за субвенционирање на трошоците за стерилизација на женки-кучиња на територијата на општина Берово.

За тековно и нормално функционирање на програмата за контрола и третман на бездомни и улични кучиња и други регистрирани и нерегистрирани кучиња и нивен медицински третман потребно е да се одредат активности и финансиски средства за реализација на истите како што следи:

## Финансиски план за реализација на програмата

I. Потребни средства за реализација на предвидените активности за третирање на 60 кучиња:

1. Заловување и чување на регистрираните и нерегистрираните кучиња
   60 кучиња x 12 дена чување во стационар = 720 денови x 250 денари = **180.000,00 ден**.
2. Тест за социјализација на заловените кучиња од страна на стручни лица
   55 кучиња x 1.200 денари = **66.000,00 ден.**
3. Лабараториско испитување за заразна болест Лајшманиоза
   60 кучиња x 700 денари = **42.000,00 ден**.
4. Овариохистеректомија (стерилизација) на кучиња – женки
   45 кучиња x 2 800 денари = **126.000,00 ден**.
5. Орхиектомија (кастрација) на кучиња – машки
   10 кучиња x 2 000 денари = **20.000,00 ден**.
6. Идентификација и регистрација - обележување со микрочип и ушни маркички со изработка на досие
   55 кучиња x 800 денари = **44.000,00 ден**.
7. Вакцинација против Беснило и дехелментизација со средство кое делува против ехинококоза (антипаразитски третман)
   55 кучиња x 800 денари = **44.000,00 ден**.
8. Еутаназија со транспорт до определено место на депонија
   5 кучиња x 2 200 денари = **11.000,00 ден**.
9. Транспорт (превоз) од прифатилиште до место на заловување и обратно.
   (Едно доаѓање во Берово заради заловување, превоз до прифатилиште или враќање по третирање)
   10 x 3 000 денари = **30.000,00 ден**.

<u>Предвидените финансиски средства за секоја активност пооделно се средна вредност од досегашните понудени и спроведени јавни набавки од последните 3 години.</u>

Согласно Планот за јавни набавки на Општина Берово за 2025, оваа програма ќе започне да се спроведува од месец Јануари 2025 година.

Средствата се предвидуваат во програмата за комунални дејности, ставка **Ј8**

Вкупно потребни средства за реализација на програмата:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Заловување и чување на кучиња | = **180.000,00 ден**. |
| 2. | Тест за социјализација на кучиња | = **66.000,00 ден.** |
| 3. | Испитување на Лајшманиоза | = **42.000,00 ден**. |
| 4. | Стерилизација на кучиња – женки | = **126.000,00 ден**. |
| 5. | Кастрација на кучиња – машки | = **20.000,00 ден**. |
| 6. | Идентификација и регистрација | = **44.000,00 ден**. |
| 7. | Вакцинација и дехелментизација | = **44.000,00 ден**. |
| 8. | Еутаназија | = **11.000,00 ден**. |
| 9. | Транспорт | = **30.000,00 ден**. |

| | |
|---|---|
| Вкупно: | **= 563.000,00 ден.** |
| **ДДВ** | **= 101.340,00 ден.** |
| **ВКУПНО ..........................................................** | **= 664.340,00 денари** |

II. За реализација на активноста за субвенционирање
за стерилизација на женки кучиња се предвидуваат = **100.000,00 ден.**

---

**<u>Ставка Ј8</u> - ВКУПНО ........................................ = 764.340,00 денари**

Фактичката вредност на извршената услуга ќе се утврдува периодично во присуство на претставник од Локалната самоуправа и избраната овластена ветеринарна и шинтерска служба согласно единичните цени во Договор за јавна набавка на услуги, Програмата и бројот на кучињата кои се третирани.

Оваа Програма влегува во сила на денот на донесувањето, и истата ќе биде објавена во „Службен Гласник на Општина Берово".

СОВЕТ НА ОПШТИНА БЕРОВО
ПРЕТСЕДАТЕЛ
с.р. ПЕТАР РУЖИНСКИ

Бр.09-3947/1
28.11.2024 година
Берово